ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ - СКОПЈЕ

Бр. 26-846/2
Од 14.12.2020 год.
Скопје
Општина Ѓорче Петров-Скопје
Ул. Ѓорче Петров бр. 73
1000 Скопје
Тел. (02) 2039 307; 2039 308
Тел. (02) 2033 471; 2033 469
kontakt@opstinagpetrov.gov.mk
www.opstinagpetrov.gov.mk

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-027/2018

**ПРЕДМЕТ:** **ИЗВЕШТАЈ од извршената анализа на степенот и начинот на спроведување и реализација на урбанистичките планови на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2020 година**

Во согласност со одредбите на Член 22 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија број 32/20), стручните служби од Одделението за просторно и урбанистичко планирање при Општина Ѓорче Петров изработија Анализа на степенот и начинот на спроведување и реализација на урбанистичките планови на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2020 година, со бр. 26-846/1 од 14.12.2020.

Цел на анализата е добивање на целосен сумиран преглед за состојбите во просторот, како би можеле да оформат стратегии и да се преземат правилни мерки за одржлив развој на општината.

Изработената анализа содржи:

- преглед на сите важечки урбанистички планови на територијата на Општина Ѓорче Петров (вкупно 49 урбанистички планови),
- годишна анализа на 44 урбанистички планови кои подлежат на анализа согласно одредбите на Член 22 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, број 32/20) и
- Заклучок.

Од извршената анализа може да се заклучи дека повеќето планови кои се изготвени согласно ГУП на Град Скопје 2012-2022 сè уште може да се применуваат и спроведуваат без поголеми проблеми. Секако, сите се ускладени со моментално актуелниот генерален урбанистички план, а земајќи во обсир и дека сите се со понов датум на изработка (не постар од 7 години), во голема мерка се усогласени и со дигиталните катастарски планови. Иако законската и подзаконската регулатива е изменета, суштинските стандарди и нормативи не се значајно изменети.

Исклучок од горенаведената констатација се деталните урбанистички планови за градските четвртти СЗ 03 и СЗ 15, каде се евидентирани неусогласености на планираните градежни парцели со имотно – правната состојба на лице место во овој момент. Овие проблеми се и претходно евидентирани, па оттаму и во претходните Годишни програми за изработка на урбанистички планови на Општина Ѓорче Петров се внесени: ДУП за Градска четврт СЗ 15, Изменување и дополнување на ДУП за Градска четврт СЗ 03, Блок 3 и Изменување и дополнување на ДУП за Градска четврт СЗ 03, Блок 8.

Сите останати детални урбанистички планови, изработени според претходните ОУП на Град Скопје од 1965 год., Изменување и дополнување на ОУП на Град Скопје од 1985 год. и ГУП на Град Скопје 2001-2020, се во поголема или помала мерка неусогласени со моменталните дигитални катастарски планови, неусогласени со моменталната позитивна

законска и подзаконска регулатива и неусогласени со моментално важечкиот план од повисоко ниво: ГУП на Град Скопје 2012-2022.

За просторот опфатен со поголемиот дел од овие планови веќе се започнати постапки за изработување до конечно донесување на нови урбанистички планови.

За помал дел и претходно била нотирана потребата за донесување на нови планови, па истите се и претходно внесувани во Годишните програми за изработка на урбанистички планови во Општина Ѓорче Петров, но постапките не се започнати; се работи за ДУП за Градска четврт СЗ 05, Блокови СЗ 05.02, СЗ 05.03, СЗ 05.04 и СЗ 05.05 и ДУП за Градска четврт СЗ 27.

За просторот од една градска четврт од ГУП на Град Скопје 2012-2022 (СЗ 01) не е пристапено кон изработка на нов детален урбанистички план поради нотирани проблеми во самиот ГУП, кои се предмет на посебно барање од страна на Општина Ѓорче Петров – за евентуална корекција во идниот ГУП на Град Скопје 2022-2032, а чија што изработка тукушто започна во 2020 година.

Мал дел од урбаното градско подрачје на Општина Ѓорче Петров (во рамките на ГУП на Град Скопје 2012-2022), не е покриен со важечки детални урбанистички планови, односно за овие простори никогаш до сега не биле изработени урбанистички планови. Се работи за делови од градските четвртти СЗ 01, СЗ 09, СЗ 13, СЗ 14, СЗ 17, СЗ 24 и СЗ 25, како и четвртта СЗ 12 во целина. Од овие вкупно 8 (осум) градски четвртти, за 5 (пет) веќе се започнати постапки за изработување до конечно донесување на нови детални урбанистички планови: ДУП за Градска четврт СЗ 12, ДУП за Градска четврт СЗ 13, ДУП за Градска четврт СЗ 14, ДУП за Градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.01, СЗ 24.02 и СЗ 24.04 и ДУП за Градска четврт СЗ 25. За дел од градската четврт СЗ 24 веќе е изработен и донесен нов ДУП за Градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.03.

Како што и претходно беше образложено, за една од овие четвртти (СЗ 01) не е започната постапка за изработување на нов детален урбанистички план, поради нотирани проблеми во планот од повисоко ниво: ГУП на Град Скопје 2012-2022.

Една градска четврт: СЗ 17, се протега на територијата на 2 општини, односно покрај Општина Ѓорче Петров четвртта зафаќа и територија на Општина Карпош. Евентуална изработка на детален урбанистички план за оваа градска четврт би требало да се одвива низ две паралелни постапки во двете општини, со меѓусебна соработка. Сепак, површината на четвртта со ГУП на Град Скопје е планирана исклучиво со намена Д2 - Заштитно зеленило, што ја прави деталната разработка на просторот беспредметна.

Во однос на руралниот дел на Општина Ѓорче Петров, општа констатација е дека постојните важечки урбанистички планови за село се спроведуваат без поголеми проблеми. Исклучок претставува делот од УПС Орман во кој се врши детална разработка, а за кој дел се евидентирани одредени отстапувања на границите на планираните градежни парцели во однос на границите на катастарските парцели од дигиталниот катастарски план.

Посебен проблем преставува просторот на с. Волково и с. Никиштане, за кој простор реализацијата се одвиваше преку усвоените општи акти за село. Овие документации престанаа да важат со почетокот на примена на Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, број 32/20), согласно одредбите на Член 105 став (2) од Законот, а просторот опфатен со истите се смета за простор вон плански опфат. Сепак, Општина Ѓорче Петров веќе има во постапка на изработка урбанистички планови и за двете населени места.

На простори надвор од населени места во Општина Ѓорче Петров има 2 (два) важечки урбанистички планови вон населено место: УПВНМ Веле Поле и УПВНМ Клучка стопански

двор. И кај двата плана забележан проблем при спроведување се деловите од плановите во кои нема детална разработка; чест случај е катастарските парцели да не можат самостојно да ги задоволат условите за да претставуваат градежна парцела, односно до поголем дел од катастарските парцели нема постоен, ниту планиран сообраќаен пристап. Проблемот е и претходно забележан, па оттаму веќе е започната изработката на едно изменување и дополнување (на УПВНМ Веле Поле, Блок 7), а и со претходните Годишни програми била предвидена изработката и на 2 дополнителни изменувања и дополнувања (на УПВНМ Веле Поле, Блокови 3, 4, 5, 6, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14, како и на УПВНМ Клучка стопански двор, УЕ „А“, УЕ „Б“ – Блок 6 и УЕ „В“).

Сумирано, се препорачува продолжување на постапката за изработка до конечно донесување на сите започнати урбанистички планови (вкупно 15):

- ДУП за Градска четврт СЗ 03, Блок 3,
- ДУП за Градска четврт СЗ 03, Блок 8,
- ДУП за Градска четврт СЗ 05, Блок СЗ 05.01,
- ДУП за Градска четврт СЗ 06,
- ДУП за Градска четврт СЗ 12,
- ДУП за Градска четврт СЗ 13,
- ДУП за Градска четврт СЗ 14,
- ДУП за Градска четврт СЗ 15,
- ДУП за Градска четврт СЗ 16,
- ДУП за Градска четврт СЗ 21,
- ДУП за Градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.01, Блок СЗ 24.02 и Блок СЗ 24.04,
- ДУП за Градска четврт СЗ 25,
- УПС Волково,
- УПС Никиштане и
- Изменување и дополнување на УПВНМ Веле Поле, Блок 7.

како и пристапување кон изработка на 5 нови урбанистички планови:

- ДУП за Градска четврт СЗ 05, Блокови СЗ 05.02, СЗ 05.03, СЗ 05.04 и СЗ 05.05,
- ДУП за Градска четврт СЗ 09,
- ДУП за Градска четврт СЗ 27,
- Изменување и дополнување на УПВНМ Веле Поле, Блокови 3, 4, 5, 6, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14 и
- Изменување и дополнување на УПВНМ Клучка стопански двор, УЕ „А“, УЕ „Б“ – Блок 6 и УЕ „В“.

**Р а к о в о д и т е л**
**на Сектор за урбнизам, комун. дејности, заштита на животната средина и локален економски развој**

**Рак. на одд. за урб. и просторно планирање**
Евелина Ќулумоска, дипл. инж. арх.

**Советник**
Игор Поповски, дипл. инж. арх.

**Советник**
Диана Шкартова-Георгиевска, дипл. инж. арх.

**Целе Ристевски, дипл. град. инж.**